**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 –4169/ 2
18.05. 2011 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005 и 110/2008), член 20 став 2 и член 21 став 3 и 7 од Законот за техничката инспекција (“Службен весник на Република Македонија” бр. 88/08) , постапувајки по барањето на Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје бр.18-627/1 од 29.03.2011 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања

1. Правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје ги исполнува условите за вршење на технички преглед и испитувања на рударска техничка опрема, пред ставање во употреба, периодичен и вонреден технички преглед, технички преглед и испитувања по значајна промена или настаната несреќа, на рударската опрема согласно член 2 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од Правилникот за користење на рударска техничка опрема.

2. Правното лице од точка 1 на ова решение е должно постојано да ги исполнува условите од членовите 23 до 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

3. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје, до Министерството за економија – Државен инспекторат за техничка инспекција поднесе барање бр.18-627/1 од 29.03.2011 година, за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и испитувања на рударска техничка опрема, пред ставање во употреба, периодичен и вонреден технички преглед, технички преглед и испитувања по значајна промена или настаната несреќа согласно Законот за техничка инспекција и на рударската опрема од член 2 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од Правилникот за користење на рударска техничка опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр 170/2010) .
Државниот инспекторат за техничка инспекција со допис бр. 18-627/2 на 15.04.2011 година до Министерството за економија, достави Мислење за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и и испитувања на рударска техничка опрема, пред ставање во употреба, периодичен и вонреден технички преглед, технички преглед и испитувања по значајна промена или настаната несреќа на рударската опрема од член 2 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од Правилникот за користење на рударска техничка опрема за правното лице **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје.

Врз основа на Мислењето од Државниот инспекторат за техничка инспекција за исполнетоста на условите на правното лице **ТЦИ ЕуроЦерт** ДОО Скопје за вршење на технички прегледи и испитувања на рударска техничка опрема, пред ставање во употреба, периодичен и вонреден технички преглед, технички преглед и испитувања по значајна промена или настаната несреќа

согласно Законот за техничка инспекција и на рударската опрема од член 2 став 1 алинеи 1, 2 и 3 од Правилникот за користење на рударска техничка опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр 170/2010) и следната доставена документација:

-Решение за упис во трговскиот регистар заверено на нотар бр.УЗП 3584/11 од 14.04.2011 година;

- Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица бр.0806-11/8476/1 од 18.03.2011 година;

- Сертификатот за акредитација Бр.ИТ – 024 од 16.03.2011 година издаден од Институт за акредитација на Република Македонија;

- Копии од обрасците М1/М2 за: Дипл. Маш. Инг. Станковски Сашо, Дипл. Маш. Инг. Самарџиоски Златко, Дипл. Електротехн. Инг. Антовски Драган, Дипл. Маш. Инг. Горан Николовски и Дипл. Маш. Инг.Поцев Никола;

- Полиса за осигурување бр.130020001116 од 27.01.2011 година од професионална одговорност;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, бр.0904-13/1160 од 01.04.2011 год.;
- Уверение дека нема забрана на вршење на дејност на Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје, издадено од Основен суд скопје I – Скопје Кр-Пкр.бр.881/11 од 21.03.2011 година; и
- Изјава за поседување на техничка опрема во согласност со Правилникот за користење на рударска техничка опрема бр.03-67/1 од 11.04.2011,

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за техничка инспекција и Правилникот за користење на рударска техничка опрема, утврди дека барањето е основано и донесено е решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**

**Фатмир Бесими**

**ДОСТАВЕНО ДО :**
- **подносител на барањето**
- **ДИТИ**
- **архива**